РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 04.10.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4126/1 | | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 септември 2024 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 октомври 2024 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица)
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.138/24);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа)

6. **Претходно изречена мерка:/**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван на 5 септември 2024 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација), во програмскиот сервис од 5 септември 2024 година, со неправилна примена на сигнализацијата за втора категорија програма (8+), беа емитувани премиерни и репризни епизоди / изданија од ТВ-емисии со различни медиумски функции:

- Пред почетокот на емитувањето на гореспоменатите програми, од целината на законски пропишаниот изглед на применетата предупредувачка сигнализација за програма класифицирана во втората категорија, недостигаат: *бројката „**8**“; знакот „**+**“, испишаниот и прочитаниот текст на предупредувањето* - како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата;
- Бројката *„**8**“* и знакот *„**+**“* недостигаат и во сигнализацијата применета континуирано во текот на една епизода / издание.

**5 септември 2024 г.**

| **Наслов на емисија** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| „Евреите во Македонија“ | 00:00:32 | 00:41:56 |
| „Јади бурек“ | 01:02:44 | 02:43:31 |
| „Исконски думи“ | 05:25:30 | 05:51:20 |
| „Јади бурек“ | 07:03:45 | 08:44:30 |
| „Басни“ | 11:01:07 | 11:12:55 |
| „Исконски думи“ | 11:20:03 | 11:45:53 |
| „Ваш термин“ | 12:03:15 | 13:00:23 |
| „Од своја страна“ | 13:00:39 | 13:37:15 |
| „Будење“ | 14:11:44 | 16:04:22 |
| „Ѓорѓи Пулевски“ | 16:08:00 | 16:53:00 |
| „Ин клуб“ | 16:57:49 | 17:56:25 |
| „Арена“ | 18:30:45 | 19:33:10 |
| „Јади бурек“ | 20:01:08 | 21:44:00 |
| „Имат-немат“ | 22:25:36 | 23:29:05 |
| „Непозната Македонија“ | 23:36:11 | 23:59:59 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, на телевизискиот програмски сервис на

Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, на 5 септември 2024 година, премиерни и репризни епизоди / изданија на ТВ-емисии, со различни медиумски функции, беа емитувани со неправилна примена на сигнализацијата за програма од втора категорија (8+):

- Пред почетокот на емитувањето на програмите, од целината на законски пропишаниот изглед на применетата предупредувачка сигнализација за програма класифицирана во втората категорија, недостигаа: *бројката „**8**“; знакот „**+**“, испишаниот и прочитаниот текст на предупредувањето* - како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата;
- Бројката „***8***“ и знакот „**+**“ недостигаа и во сигнализацијата применета континуирано во текот на една епизода / издание.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***